# CULTURAL DIPLOMACY CHARACTERISTICS OF THE FORMER SFRY

**Vasko Shutarov**
vaskoshutarov@yahoo.com

**Abstract:** Cultural diplomacy is a recent diplomatic practice. Although elements of cultural-diplomatic actions have been evident ever since the early beginnings of diplomacy, it is safe to assume that cultural diplomacy saw its full development during the Cold War. Through cultural contents and forms, diplomacy promotes the system of values, ideas, representations and perceptions of a particular country. Cultural diplomacy is in direct and dynamic relation with both the internal and foreign political processes and contexts. When political, diplomatic, economic and military instruments and tools fail to produce the desired results, cultural diplomacy can unobtrusively create a favorable perception, affection and friendliness to its state and its policies. In this context, and from the aspect of international relations, the efforts of the former SFRY to implement cultural-diplomatic actions in its foreign policy are quite interesting. The first more complex international cultural-diplomatic representation of the SFRY occurred in years of unfavorable economic and social performance on the internal political scene and tense political relations with the countries of the Eastern Bloc on the foreign political scene. The profiling of the SFRY as a country different than those of the so-called "communist camp" and the creation of a favorable perception among the Western states and peoples shifted to the terrain of culture, and quite successfully so. Although the then Yugoslav authorities and official political intellectuals treated these activities as international cultural cooperation, from today's point of view, those were actually cultural-diplomatic actions that were strategically well devised and created, and also realized in the best possible way - in the spirit of the best practices of cultural diplomacy. The more fruitful cultural-diplomatic activities of the former SFRY, the better the possibilities for successful international political and economic positioning of the country. And vice versa, the new international positioning of the then Yugoslavia, changed the directions, methods and contents of its cultural diplomacy. The creation of the perception of a leader country in the Non-Aligned Movement was directly related to the cultural-diplomatic actions towards the countries of the so-called Third World. Statistical parameter analysis of the scholarships, students exchange and educational programs with countries from Africa, the Middle East and Asia indicates that the SFRY practiced extremely serious, thorough and modern cultural diplomacy, which for several decades had been effectuating excellent results in the international positioning of the country, simultaneously improving the domestic socio-economic and cultural performances.
**Keywords:** cultural diplomacy, international cultural cooperation, scholarships, student exchange

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА НА ПОРАНЕШНА СФРЈ

**Васко Шутаров**
vaskoshutarov@yahoo.com.

**Резиме:** Културната дипломатија е понова дипломатска практика. Иако постојат елементи на културно-дипломатски акции уште од почетоците на развојот на дипломатијата, се смета дека својот полн развој културната дипломатија го бележи за време на Студената војна. Преку содржините и формите на културата, дипломатијата го промовира системот на вредности, идеи, претстави и перцепции за одредена држава. Културната дипломатија е во директна и динамична врска со внатрешно-политичките и надворешно-политичките процеси и контексти. Кога политичките, дипломатските, економските и воените инструменти и алатки не ги покажуваат посакуваните резултати, културната дипломатија може на ненаметлив начин да создаде поволна перцепција, наклонетост и блискост кон својата држава и нејзините политики. Во овој контекст, а од аспект на меѓународните односи, интересни се обидите на поранешна СФРЈ за имплементација на културно-дипломатски акции во својата надворешна политика. Првото покомплексно културно-дипломатско претставување на СФРЈ на меѓународен план, се случува во години на неповолни економско-социјални перформанси на внатрешно-политички план и заострени политички односи со државите од Источниот Блок, на надворешно-политички план. Профилирањето на СФРЈ како држава различна од државите од т.н. “комунистички лагер” и создавањето поволна перцепција меѓу државите и народите од Западниот Свет, се префрла на терен на културата и тоа прилично успешно. Иако тогашните

југословенски власти и официјалната политичка мисла ги третираат овие активности како меѓународна културна соработка, гледано од денешен аспект, станува збор за културно-дипломатски акции, кои се стратешки добро осмислени и креирани, а исто така и реализирани на најдобар можен начин, во духот на најдобрите практики на културната дипломатија. Колку се поуспешни културно-дипломатските активности на поранешна СФРЈ, толку поуспешни стануваат можностите за поуспешно политичко и економско позиционирање на поранешна СФРЈ на меѓународен план. И обратно, новото позиционирање на тогашна Југославија на меѓународен план, ги менува насоките, методите и содржините на нејзината културна дипломатија. Креирањето на перцепција за држава-лидер во Движењето на неврзаните, е директно поврзано со акции на културно-дипломатски план, кон државите од т.н. Трет свет. Анализата низ статистички параметри за стипендирањето и размената на студенти и образовни програми со држави од Африка, Блискиот Исток и Азија, покажува дека СФРЈ практицирала исклучително сериозна, темелна и модерна културна дипломатија, која неколку децении ефектуирала исклучително поволни резултати во меѓународното позиционирање на државата, но и на план на подобрување на домашните социјално-економски и културни перформанси.
**Клучни зборови**: културна дипломатија, меѓународна културна соработка, стипендирање, размена на студенти

## 1.ВОВЕД

Културната дипломатија или “меката сила” во надворешната политика (Nye:2004), своја полна афирмација на меѓународната политичка сцена, доживува неколку децении пред падот на Берлинскиот ѕид и распаѓањето на дотогашната биполарна блоковска доминација. Инструментите, сретствата и методите на кутурно-дипоматски акции преку двете страни на “железната завеса” за време на Студената војна, до минуциозност ги развиваат дипломатиите на тогашните светски супер-сили-САД и СССР. Стратешки добро осмислена, преку содржини од културата да еманира пораки поврзани со системот од вредности и култура на живеење, нејзината реализација се одвива преку размена на културни програми (гостување на најзначајни американски писатели и џез музичари во тогашниот СССР и претставување на Бољшој театарот и балетот во САД, на пример), како и преку тогашните сретства за масова комуникација, а најмногу преку програмите на “Радио Слободна Европа”. Полн замав имаат и културните центри на тогашните моќни држави, Британскиот совет, Француските културни центри и Гете институтот. Западниот систем од вредности, преку промоцијата на културни вредности, успева да стекне наклонетост меѓу публиките од групата држави од т.н. Источен блок, а културната дипоматија да стане едно од најмоќните сретства во подривањето на темелите на доминантната комунистичка идеологија. И низ децениите подоцна, користејќи ги можностите на новите информатички технологии, културната дипломатија останува во функција на ненаметлива и дискретна мека сила, која може да руши предрасуди, создава наклонетост и симпатии, гради трајни односи на пријателство и партнерство, потпирајќи се на размената на културни вредности и содржини. Како за остварување на политички, така и за остварување на економски цели, културната дипломатија и до денешни дни, останува незаменлива алатка во практикувањето на секоја важна дипломатска акција. Најдобрите дипломатски практики денес, најнапред проектираат и реаизираат културно-дипломатски акции, како претходница на секоја друга дипломатска акција, така да не чуди фактот што светските економии во подем, ја имаат културната дипломатија како претходница на економската дипломатија.

Како во овој контекст, а од денешен агол на гледање може да се гледа на некогашната југословенска културна дипломатија? Дали поранешните југословенски власти ја практикувале и биле свесни за нејзиното значење, и ако веќе го правеле тоа, какви биле резутатите од таквите културно-дипломатски акции во едно специфично студено-воено окружување на меѓународната политичка сцена? И на крај, а не најмалку важно, дали знаењата и вештините на недокрај анализираната југословенска културна дипломатија, имаат своја применливост и придонес во науката и практиката на современите културни дипломатии?

## 2. **КУЛТУРНАТА ДИПЛОМАТИЈА НА ПОРАНЕШНА СФРЈ**

Студената војна и светската гео-политика несомнено имаа влијание на позиционирањето и на југословенската култура на светската културна мапа. Според бројни истражувачи на југословенското културно наследство,можат да се детектираат неколку значајни (и пресудни, со својата успешна мисија) културно-дипломатски чекори за позиционирање на Југославија на мапата на светската политика, после Втората светска војна. Првиот културно-дипломатски чин е претставен преку иницијативата на големиот писател (и близок пријател на Ј.Б.Тито) Мирослав Крлежа, за организирање на изложба со наслов “Југословенска уметност”, во Гран Пале (Grand Palais, Paris) во 1953 година, кога за прв пат се претставени

заедно, колекција од најдобри српски средновековни фрески, колекција од хрватската романтична скулптура и репрезентативни примероци од босанските стечци. Првиот посериозен исчекор за легитимирање и профилирање на тогашна Југославија, штотуку изнедрена и дистанцирана од т.н. комунистички блок, но сеуште непознаница со бројни предрасуди за западната јавност, се изнаоѓа преку исклучително оригинален начин да им се претстави токму на тие западни публики. Преку својот “мрачен среден век?” Не, туку преку период во кој уметноста на овие простори создава нешто свое, автентично, препознатливо и сосем различно, а исклучително важно од светското културно наследство. Комунистичка Југославија му се претставува на светот со своја сакрална уметност, ја културализира а себе се позиционира на културната мапа на светот. Во тој геополитички моментум-пресек на сите поважни гео-политички процеси и случувања, било исклучително важно но пред сè нужно, Тито да успее да ги убеди партнерите од Западна Европа, пред сè претседателите на западните држави, дека тој лично и државата која ја води е нешто сосема друго од останатиот комунистички лагер, толку неопходно убедување посебно за градење на клима на доверба во процесите на давање помош и кредитирање на кревкиот економски систем на тогашна Југославија. Оваа изложба која после Париз е претставена во поголемите западни метрополи, ингениозно концепирана и маестрално реализирана, успева на некој начин да ја промени претставата за Југославија како едно од комунистичките зла во светот, да ја прикаже и пред западните парламенти и влади, но пред сè пред западната публика во едно ново светло, кое Југославија и го посакува и успева да го искористи за свои (првенствено!) политичко-економски и воени цели. Со оваа изложба е постигнат токму таков успех, кон каков се тежнеело и кој тешко би бил постигнат само со директни, билатерални или мултилатерални политички контакти. Културната дипломатија во тие почетоци, многу умешно ја пласира сликата за Југославија, како “држава сиромашна од материјален аспект, но богата со автентично културно наследство”. Под мотото “И ние имаме своја Ренесанса”, на угледниот театарски фестивал во Единбург се одигрува претставата “Дундо Мароје” од Марин Држиќ, а репрезентативни фолклорни друштва (меѓу кои и македонскиот Танец) настапуваат на престижниот фестивал во Хлангохлен во Велс. На познатото Биенале во Венеција редовно учествува кремот на тогашното југословенско сликарство, а се преведуваат и реиздаваат дела од Иво Андриќ и Мирослав Крлежа на бројни светски јазици. Следните важни чекори во афирмацијата на Југославија, преку културна дипломатија се „Биеналето на современа музика“ во Загреб, чии почетоци датираат во 1961 година, како иницијатива на Милко Келеман, а потоа основањето на светски познатиот театарски фестивал БИТЕФ во 1967 година, чиј *spiritus movens* се Мира Траиловиќ и Јован Ќирилов.[494] Легендарниот шпански сикар Пабло Пикасо креира плакат за „Битката на Неретва“, а во партизанските филмски епопеи играат тогашните најпознати светски филмски актери, како Орсон Велс, Питер Јустинов, Ричард Бартон, Јул Бринер, Сергеј Бондарчук, а филмовите доживуваат и неверојатна популарност во светот, но најмногу во Кина и тогашниот СССР. Југословенската кинематографија бележи исклучителни успеси во странство и со појавата на новиот бран од т.н. „прашка школа“, но и благодарејќи на талентирани режисери и филмски работници од скоро сите тогашни југословенски републики. Филмови од тогашната СФРЈ пет пати биле во потесна конкуренција (меѓу петте најдобри) за најдобар странски филм во борбите за Оскар. Јосип Броз Тито, често е домаќин на најголемите филмски ѕвезди, од рангот на Елизабет Тејлор и Софија Лорен. Белградскиот ФЕСТ за прв пат е одржан од 8-16 јануари 1971 година, под мотото „Тој храбар нов свет“ со прикажување на култниот филм на Роберт Алтман ‘Меш’. Фестивалот со својата отвореност кон европските и светски филмски трендови, освојува огромни симпатии кај домашната публика, а фестивалските програми се исклучително посетени .Во Југославија се одржуваат фестивали од европско и светско значење, како што се Дубровничките летни игри, Охридско лето, Струшки вечери на поезијата, а нема позначаен светски фестивал, собир или саем, без забележливо гостување и претставување на југословенската култура. Но, освојувањето на слободата во културата (каква што тенденциозно се претставува пред западните публики) не оди секогаш ниту лесно, ниту праволиниски. Времето на социјалистичка Југославија има и свои познати политички дисиденти и свои познати цензурирани театарски претстави, забранети филмови, системски „заборавени“ маргинализирани автори, изведувачи, интерпретатори, културни работници кои на некој начин, некаде, му „згрешиле на системот“ и завршиле „во бункер“. Политичката номенклатура, многу внимателно и умешно допушта во „социјалистичката култура на живеење“,одредени културни трендови и проекти од Запад (некои тоа го нарекуваат и „Кока –Кола-

[494] M.Dragichevich – Sheshich, Interview as Chairperson at the Conference with entitled as Bitef and cultural diplomacy:Theatre and Geopolitics, 2016, достапно на http://festival,bitef.rs/2016/09/01intervju-sa-milenom-drgicevic-sesic-predsedavajucom-na-konferenciji-bitef-kulturna-diplomatija-pozoriste-geopolitika/ (преземено на 20.11.2018)

Социјализам“,како алегорија на сеопштиот тренд на американизација во светот, несомнено претходница на денешнава глобализација)[495], поп-културата, хипи движењето, култните филмови, модните трендови, но во исто време прилично храбро и со многу *sense* за отвореност кон новото од другата страна на железната завеса, се прават првите странски преводи на Солженицин и Пастернак, се чекаат редици за рецитали на Окуџава и за гостувањата на Бољшој театар. Во Југославија, беа споени, за тоа време два непомирливи принципи, комунистичката идеологија и симболите на капитализмот, во една прилично „сложна и синхронизирана заедница“. Беше тоа држава во која се свиреше рокенрол, се свиреше џез на родендените на Тито, но се пееја и револуционерни песни посветени на Тито, држава во која се гледаа и американски филмови и серии, но и партизански филмови, подеднакво како што децата имаа можност да гледаат цртани филмови од Дизни, но и обврска да полагаат пионерска заклетва, со црвена шамија околу врат, времиња во кои се одеше на Гитаријади и диско-клубови, но и на „Слет“ по повод „Денот на младоста“. Владејачката партија, СКЈ (Сојузот на Комунистите на Југославија) тоа двојство од навидум неспојливи работи го правеше од две причини. Најнапред, отворањето кон западната култура значеше собирање на поволни поени од Западот (и секако, добивање поволни кредити), а кај домашната публика која несомнено уживаше во освојувањето на западните слободи и стил на живеење, привид на тие вистински слободи. Отвореноста беше добредојдена, сè додека не го доведуваше во прашање актуелниот систем на владеење. Спротивставување или макар поигрување преку уметноста и културата со идеолошките догми, ретко кога било одобрувано, а за тоа сведочи односот и притосокот на власта кон режисерите од т.н. „црн бран“ или преку забранување на веќе поставени театарски претстави. Но, пред странските публики, како пред западната, така и пред источната публика или публиките во државите од т.н. неврзан свет, се одвива една вешто осмислена, конзистентна, референтна кон внатрешно-политичкиот и надворешно-политичкиот контекст и релативно успешна културна дипломатија, креирана за создавањето перцепција за СФРЈ, како успешна европска приказна за социјалистичка држава, со “човечки лик”, а на меѓународен план држава заштитник и промотор на интересите на државите од т.н. Трет свет. Но, најмногу во функција на своите интереси, а пред сè во функција на подобрување на економските развојни перформанси и во функција на видливост и важност во меѓународниот политички контекст, што заедно создава предуслови за зајакнување на кохезивните чинители на сензибилната федерација од југословенски народи и народности.

## 3. ЈУГОСЛОВЕНСКИ ПРОГРАМИ ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ И РАЗМЕНА НА СТУДЕНТИ

Културната дипломатија во поранешна СФРЈ и влијанието врз нејзините содржини и форми, може да се следи и преку програмите за размена на студенти. Непосредно после ослободувањето по Втората светска војна, во тогашна Југославија постоеле само три универзитети-во Белград, Загреб и Љубљана. Веќе една година подоцна, во 1946 година се основаат нови факултети во Сараево и Скопје, а во 1949 година во овие два града се формирани универзитети. Во текот на 50-те години, основани се нови универзитетски центри, отворени многу нови факултети и зголемен е драстично бројот на студентите. Основна задача на високото образование во тие први повоени години, било школувањето на високообразовани стручњаци од разни области на општествениот, стопанскиот и културниот живот, посебно за исполнување на задачите од првиот петогодишен план за развој на тогашната федерација. Универзитетите и факултетите во првите повоени години се сметани за „фабрики на кадри“. Првиот бран на странски студенти, го следи трендот на внатрешно-политичките и надворешно-политичките интереси и цели на повоена Југославија и доаѓа од државите од т.н. „народни демократии“, соседските држави Албанија и Бугарија. Таа прва размена на студенти е резултат на влијанието на надворешно-политичките определби на тогашните власти, и секако резултат на една државна културна политика која преку потпишување на неколку конвенции за културна соработка, го регулира прашањето за размена на студенти, на реципрочна основа. Кон крајот на 1947 година на универзитетите во Белград, Загреб и Љубљана биле запишани 335 студенти од Албанија, стипендисти на албанската и југословенската влада.Во тој период, врз основа на меѓудржавен договор се врши размена и на студенти со Бугарија, 20 стипендисти од оваа земја студираат во Југославија, но во исто време има и бројни бугарски студенти кои за своја сметка и на свој трошок студираат на југословенски универзитети . Но, како што актуелната внатрешна и надворешна политика влијаела на овој процес, промените и новата констелација на односи после судирот со Информбирото во 1948, влијае и на меѓународната студентска

[495] R.Vucetic, Koka-Kola Socijalizam u Jugoslaviji, Radio Slobodna Evropa, 2012, достапно на https://www.slobodnaevropa.org/a/koka-kola-socijalizam/24716003.html (преземено на 26.11.2018)

размена-впрочем веднаш после конфликтот со државите од т.н. Варшавски пакт прекината е и соработката за размена на студенти со Албанија и Бугарија.

Кон крајот на 40-те и почетокот на 50-те години од минатиот век, Југославија е во потрага по нови надворешно-политички определби и цели, од кои произлегуваат нови правци на културна, научна и образовна соработка. Поради острата пропагандна кампања од страна на државите кои гравитираат околу тогашниот СССР, економската блокада и заканите од војна интервенција, Југославија започнува да се отвора и приближува кон западните држави, да прима воена и економска помош, но и да трага по свој сопствен пат во меѓународните односи. Тогашната југословенска надворешна политика сè повеќе и сè погласно се залага за мир, разоружување, независност и рамноправност на малите земји, деколонизација, антиблоковска политика и јакнење на улогата и моќта на ООН. Југословенската дипломатија во тој период ги прави првите обиди за контакти со далечни земји од Азија и Африка, кои стекнуваат независност и се ослободуваат од колонијалниот јарем. Благодарејќи на новата надворешно-политичка ориентација, Југославија започнува да се отвора кон меѓународната заедница, за сите области подеднакво, но посебно за културата, образованието и науката. Истовремено се случуваат процеси на јакнење на политичка, економска, воена и културна соработка и размена со земјите од Западна Европа и САД и од друга страна воспоставување на политички и економски односи со држави од Азија и Африка, со кои набргу се создаваат можности и за интензивна културна соработка, меѓусебно запознавање на народите и културите, размена на студенти и стручњаци од различни области, како и научни програми. На југословенските универзитети на почетокот на 50-те години, доаѓаат сè повеќе студенти и дипломирани студенти од западниот свет, но веднаш потоа и првите студенти и стручњаци од државите од т.н. Трет свет, пред сè од азиските држави. Југославија тогаш започнува, во рамките на својата надворешна-политика да создава концепција за политика на стипендирање странски студенти. Првиот бран студенти од западно-европските земји покажува интерес за студирање на јазици, историја, култура, книжевност, уметност, а дозвола за студирање одобрувал тогашниот Совет за наука и култура на ФНРЈ, односно Одделението за културни и научни врски со странство во Секторот за високо образование, наука и уметност при Советот. Со првиот бран студенти од Индија и Бурма, југословенските власти препознаваат веднаш и можност за отворање на нови можности за трајна економска соработка со овие две држави, посебно со Индија и тогашните студенти имаат поголем обем на пракса во рамките на студентскиот престој, во познати во тоа време југословенски фабрики и погони. Во март 1953 година основана е Комисија за културни врски со странство,[496] што претставува уште посериозен обид и третман за користење на форми и содржини на културната дипломатија во правец на реализирање цели и интереси, како на внатрешно-политичките процеси така и на тогашната југословенска надворешна политика. Претседателот и секретарот на Комисијата биле именувани од тогашниот Сојузен извршен Совет, а членовите биле предлагани од републичките совети за образование, наука и култура. Во 1955 година, тогашната југословенска влада доделува 71 стипендија за странски студенти, од кои 36 за воневропски студенти, најмногу од Индија, Бурма, но и од првите африкански држави, Тунис и Того. Веќе во школската 1957/58 одина, во Југославија се школуваат или дошколуваат 266 странски студенти од 39 држави во светот, меѓу кои за прв пат и од бројни нови афрички земји и земји од Блискиот исток. Југославија го препознава многу бргу овој момент на стекнување на независност на бројни држави од Африка и Азија кои имаат приоритетна цел да создадат своја интелигенција, а Југославија во ова препознава интерес и за продлабочување на трговските и стопански врски со овие земји. Освен што се барал политички и економски еквивалент за стипендирањето на странски студенти, југословенските власти работат и во обратна насока, со школување на свои студенти во државите со кои е воспоставена редовна и добра размена на студенти, поради подобро запознавање на јазикот, културата, обичаите, културата на живеење на тие, сепак далечни азиски и афрички народи и држави.Веќе во ноември 1960 година, бројот на странски стипендирани студенти во Југославија, се зголемува на 496 студенти, од кои 230 редовни студенти-стипендисти на Комисијата за културни врски со странство, 32 специјализанти, 26 стипендисти на ирачката влада и 208 студенти кои студирале со сопствени средства. Од Средниот и Блискиот Исток во тој период студирале 215 студенти, 104 студенти биле од Африка, од Азија 36, Западна Европа 63, социјалистичките земји од Источна Европа 34, Северна Америка 15 и Јужна Америка 3 студенти.(Bondzic:2014)

[496] И.Хофман, Савезна комисија за културне везе са иностранством 1953-1971 Установа и њена архивска грађа, достапно на http://www.arhivistika.edu.rs/clanci/sredivanje-i-obrada-arhivske-grade/156-iv-n-h-f-n-s-v-zn-isi-z-ul-urn-v-z-s-in-s-r-ns-v-1953-1971-1946-1971-us-n-v-i-nj-n-rhivs-gr-d (преземено на 25.11.2018)

Политиката на школување странски студенти која е втемелена во почетокот на 60-те години во тогашна Југославија, успешно е развивана следните неколку децении, следејќи ги понатамошните насоки и потреби на југословенската внатрешна и надворешна политика. Во овој контекст, многу индикативен е специјалниот интерес на тогашните југословенски власти кон стипендирање на студенти-бегалци од несамостојни африкански држави или територии, каде била во тек борба за нивна самостојност (Кенија, Мали, Алжир, Сенегал, Нигерија, Руанда итн.) И не само таму, туку посебна стратегија е развивана за школување и стипендирање новинари од државите од Третиот свет, кои се школувале на „Белградската новинарска школа“ и со тоа долгорочно, се создавала база за исклучително поволна перцепција за тогашна Југославија во држави со кои освен културниот, пресуден бил економскиот интерес и политичкиот престиж, најчесто држави од кампусот неврзани земји. Тоа што денес системски го прават многу држави, преку платени и организирани престои на познати и влијателни новинари на нивните земји, за да биде претставена во што подобро светло нивната држава, нејзините политики, понуди и предности, поранешна СФРЈ ги користела тие механизми од културната дипломатија на еден долгорочен и добро осмислен план, преку своите програми за размена и стипендирање на студенти, по теркот на најразвиените, најсилни и најпримамливи образовни дестинации во светот. Во многу од тие држави, каде сè уште активно делуваат поранешни студенти од времето на СФРЈ, можат да се прочитаат прилози за Југославија, за инфраструктурни проекти градени од поранешни југословенски фирми, за домети на југословенската култура и спорт, во многу благонаклонет контекст

## 4. ЗАКЛУЧОК

Партискиот и државниот врв на поранешна СФРЈ сметал дека културата е важно сретство за остварување на надворешно-политичките цели. Од денешен аспект анализирано, со сигурност може да се зборува за сериозна, професионална и прилично успешна културна дипломатија на поранешната југословенска федерација. Не постои област, сретство или содржина од кутурната дипломатија кои ги користеле најнапредните држави во тоа време, а кои не биле ставени во функција на остварување на надворешно-политичките цели на СФРЈ. Преку Сојузна комисија за културни врски со странство а подоцна и во голема мерка и преку работата на делумно автономните Републички комисии за културни врски со странство, се креираат културно-дипломатски акции кои од сите можни аспекти на добри практики на тогашните најмоќни културни дипломатии, можат да се сметаат за прилично издржани, конкурентни и успешни. Поддржани и на федеративно, но и на републичко ниво со соодветни ресурси, а водени од докажани авторитети од културата, овие тела успевале да го подобрат имиџот на државата, да создадат поволна и посакувана перцепција кај странските публики, да стекнат наклонетост, симпатии и пријателство како од странските аудиториуми, така и од политичките елити во државите каде биле насочени културно-дипломатските акции. Посебно внимание заслужуваат програмите за стипендирање и размена на студенти, како стандардна културно-образовна дипломатска практика, која долгорочно носи и најголеми бенефити за државите кои ја практикуваат. СФРЈ тоа го прави, за тогашни услови, на еден умешен и успешен начин. Илјадници студенти од државите во развој биле школувани на југословенските универзитети, ги учеле јазиците, ја осознавале традицијата, културата и обичаите, станувале дел од културата на живеење на тогашната југословенска федерација, станувале нејзини поддржувачи или промотори после завршувањето на студискиот престој. Југословенското искуство во практикувањето на културната дипломатија, несомнено заслужува и внимание и поопсежна анализа, бидејќи е истовремено и прилично автентично, но и конкурентно во културно-дипломатските акции на големите светски играчи, во втората половина од минатиот век.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] J.S.Nye, Soft Power: The means to success in the worlds politics, Public Affairs, New York, 2004
[2] D.Bondžić, Školovanje studenata iz zemalja u razvoju kao deo spoljne politike Jugoslavije, 1950 -1961, Institut za savremenu istoriju, Beograd, 2014
[3] И.Хофман, Савезна комисија за културне везе са иностранством 1953-1971 Установа и њена архивска грађа, достапно на http://www.arhivistika.edu.rs/clanci/sredivanje-i-obrada-arhivske-grade/156-iv-n-h-f-n-s-v-zn-isi-z-ul-urn-v-z-s-in-s-r-ns-v-1953-1971-1946-1971-us-n-v-i-nj-n-rhivs-gr-d (преземено на 25.11.2018)
[4] M.Dragichevich – Sheshich, Interview as Chairperson at the Conference with entitled as Bitef and cultural diplomacy:Theatre and Geopolitics, 2016, достапно на http://festival,bitef.rs/2016/09/01intervju-sa-milenom-drgicevic-sesic-predsedavajucom-na-konferenciji-bitef-kulturna-diplomatija-pozoriste-geopolitika/ (преземено на 20.11.2018)
[5] R.Vucetic, Koka-Kola Socijalizam u Jugoslaviji, Radio Slobodna Evropa, 2012, достапно на https://www.slobodnaevropa.org/a/koka-kola-socijalizam/24716003.html (преземено на 26.11.2018)